*Оливер БАКРЕСКИ*

**УДК: 355.02(510)**
Изворен научен труд

# СИСТЕМ НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА

***Кратка содржина***

*Системот на национална безбедност на Кина во голема мера е детерминиран од спецификите на организирањето на кинеската држава која се базира на историскиот развој, но и од потребата да се изгради систем на национална безбедност кој ќе биде во функција да одговори, односно да се справи со потенцијалните безбедносни закани за државата. Аналогно на тоа се поставува прашањето „дали постоечкиот систем за национална безбедност е рационална претпоставка за остварување на целите на политиката за национална безбедност?“ и прашањето „дали Кина има адекватни капацитети за справување со безбедносните предизвици“? Овие прашања се широко поставени во безбедносната агенда на Кина и постојано им се дава потребното значење со цел да се мултиплицираат напорите за осигурување на мирот и безбедноста во државата.*

***Клучни зборови***: *КИНА, СПЕЦИФИКИ, БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА, ИНСТИТУЦИИ, КОМПОНЕНТИ, БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ*

## Воведни напомени

Народна Република Кина (НРК) го опфаќа најголемиот дел од културниот, од историскиот и од географскиот простор познат под името Кина и е една од најмаркантните држави која го одбележа почетокот на XXI век. Значителниот економски прогрес, растот на реалниот БДП, кој во 2010 година беше неверојатни 10, 4%, во 2015 година изнесуваше 6,9% (International Monetary Fund, 2017) а во 2016 година – 6,6%, предизвика паралелно и восхит и застрашување кај останатиот дел од светот, особено големите држави, или Кина заедно со Индија се земји со најбрз економски развој во светот мерено според годишните стапки на пораст на БДП, која за Кина на годишно ниво изнесува нешто над 1 билион долари, со годишен БДП по глава на жител во 2016 година од 15.400 долари. (Central Intelligence Agency, 2015)

Народна Република Кина е држава која го зафаќа поголемиот источен дел на азискиот континент. На исток излегува на Тихиот Океан (Жолто Море, Источнокинеско Море и Јужнокинеско Море), а се граничи со четиринаесет држави по копнен пат, и тоа: Виетнам, Лаос, Непал, Бутан, Бурма, Пакистан, Авганистан, Таџикистан, Индија, Казахстан, Киргистан, Русија, Монголија и Северна Кореја. Покрај тоа, по воден пат се граничи и со Јужна Кореја, со Филипини и со Јапони-

ја. Најзначајни од безбедносен аспект биле и сè уште се границите на Кина со Русија, со Монголија и со Јапонија.

Народна Република Кина зафаќа површина од приближно 9.6 милиони км$^2$ (9.596,960), со што претставува трета земја во светот по територија, веднаш зад Русија и зад Канада. (Central Intelligence Agency, 2015) Од вкупната површина, на копно се наоѓаат околу 9.33 милиони км$^2$, додека под вода 270 км$^2$. Според бројот на жители, пак, Кина е сè уште најголемата земја во светот, со население кое во јули 2016 година брои 1.373.541,278 жители. Од вкупниот број жители, 17.1 % се на возраст до 14 години, околу 13.2 % се на возраст од 15-24-годишна старост, а 48.42 % се меѓу 25-54-годишна старост, додека 10.87 % се на возраст помеѓу 55-64 години, и 10.35 % се над 65-годишна старост. (Central Intelligence Agency, 2017) И покрај спроведената популациска политика (секое семејство не смее да има повеќе од едно дете која беше во сила до 29 октомври 2015 година), големата апсолутна бројност на населението, заедно со релативно густата населеност од 135 жители на км$^2$ прави нејзиното население да биде, од една страна, голем потенцијал за економски и општествен развој, а од друга страна потенцијална закана за внатрешната безбедност (особено поради можните проблеми со исхраната на населението и обезбедувањето нормални услови за живеење). Главен град на оваа огромна држава е Пекинг, со над 12 милиони жители.

Во однос на етничката структура на населението, Кина е една од етнички најхомогените и најчисти држави во светот. Дури 91.6 % од населението се Кинези од најдоминантната Хан етничка групација, а останатите околу 8 % припаѓаат на Монголи, на Тибетанци, на Корејци, на Ујгури и др. Официјален јазик е стандардниот кинески (мандарински). Религиски, Кина важи за атеистичка држава (според официјалните статистики дури 42 % од населението е нерелигиозно – атеистичко), факт што се објаснува со рецидивите од социјалистичкиот општествено-економски систем кој ги супресираше верските идеологии и следствено на тоа верските чувства и определби на луѓето. Во поново време, со демократизацијата и со отворањето на Кина кон светот, доаѓа до преродба во религиозна смисла, така што сè поголем број Кинези се враќаат на старите религии, како што се конфучијанизмот, таоизмот и будизмот, а занемарлив е бројот на верниците на исламот и на христијанството. Само 2 % од населението на Народна Република Кина е неписмено, факт што зборува дека земјата располага со огромен потенцијал на работна сила како фактор за сеопшт развој.

Народна Република Кина е социјалистичка република водена од една партија, Комунистичката партија на Кина. Моќта во Републиката е поделена помеѓу Националниот народен конгрес, претседателот и Државниот совет. Конгресот е законодавно тело, а неговите членови ги именува Комунистичката партија. Државниот совет, предводен од премиерот, е административната гранка. Покрај Националниот народен конгрес, во Кина егзистира и Кинескиот народен консултативен комитет кој е парламентарно советодавно тело, а Врховниот народен суд и Врховниот народен правобранител се кинеските највисоки правни органи. Народната ослободителна армија, исто така, поседува значителна политичка моќ. (Szczepanski, 2015)

Од безбедносна гледна точка, за Кина е исклучително важна административно-територијалната поделба на државата на пет автономни области (меѓу кои и Тибет), 23 автономни провинции (23. е Тајван),[1] два посебни административни региони и четири општински региони, секоја од овие административно-територијални единици со помал или поголем степен на автономија и во функција на децентрализација на власта наместо федерализам. Според сите економски, културни и општествени параметри, Кина станува светска суперсила, а тоа го демонстрира и со нејзината значајност во безбедносна и во воена смисла, исто како и во трката за освојување на вселената. (Wikipedia, *China*, 2015) Во изминатите неколку години НР Кина има двоцифрено зголемување на буџетот за одбрана, поточно, за 2015 година изнесува околу 140 милијарди американски долари (BBC News, 2015)

## 1. Компоненти на системот за национална безбедност

Кина спаѓа меѓу ретките држави во светот кои имаат повеќемилениумски континуитет во државноста, а со тоа и во организирањето и практикувањето на безбедноста. Специфичноста на овие активности во случајот на Кина лежи во длабоката втемеленост на безбедноста и безбедносната култура во кинеската филозофија, религија, етика и, воопшто, во кинескиот начин на живеење. (Сун Цу, 1996)

Денес, безбедносниот систем на НР Кина е симбиоза на традицијата и на реалната потреба од градење ефикасен безбедносен систем кој ќе биде во функција на потребите на државата. Централната улога на современиот безбедносен систем во Кина му е доверена на вооружените сили на НР Кина кои се составени од Народна ослободителна армија (активниот и резервниот состав), вооружените полициски сили на кинескиот народ и милицијата. (Keating, 2009) Централната воена комисија на НР Кина ја води и насочува командата на националните вооружени сили. Министерството за национална одбрана со Државниот совет ги управува и администрира националните одбранбени работи.




[1] Народна Република Кина го смета островот Тајван за дел од својата територија, меѓутоа тој фактички не е под нејзин суверенитет.

Народноослободителната армија на Народна Република Кина е современик на создавањето социјалистичка кинеска држава во времето на Мао Це Тунг и како таква, се разбира, со одредени организациски и функционални промени, постои од нејзиното основање до денес. Армијата во ингеренциска смисла потпаѓа под Министерството за одбрана на Народна Република Кина. (Котовчевски, 2002) Активните компоненти на Народната ослободителна армија се постојаните сили на нацијата кои, главно, ги преземаат задачите за воени одбранбени операции, но ако е потребно, помагаат за одржување на општествениот поредок, во согласност со законските одредби.

Народната ослободителна армија на Кина е формирана во Нанчанг, провинцијата Џијангси, на 1 август 1927 година. Армијата брои околу 2,11 милиони припадници во 2014 година. Резервните сили изнесуваат 3,25 милиони припадници. Буџетот за одбрана во 2015 година изнесува 886,9 милијарди јуани, што е 141, 45 милијарди американски долари, и е за 10 % повисок од буџетот за одбрана од претходната година. Кинеската армија има седум воени команди, а претседател на Централната воена комисија е претседателот на државата. Просечниот месечен приход на припадниците на вооружените сили на НР Кина е 5373,14 јуани, околу 826 американски долари. (Weitz, 2013) Зголемувањето на буџетот на Армијата на НР Кина го надмина и импресивниот раст на БДП на земјата, и од 2002 година до 2012 година буџетот на Народната ослободителна армија на Кина се зголемил за 175 %. (Dittmer and Yu, 2015)

Системот на генералните штабови/оддели е составен од Генералштабот (Оддел на генералниот персонал), Генералниот политички оддел, Генералниот оддел за вооружување и Генералниот логистички оддел, кои се под лидерство на Централната воена комисија. Централната воена комисија, преку овие четири главни штабови/оддели, ги раководи и командува сите области на воени команди и служби. Треба да се истакне дека во ваквата поставеност, Министерството за одбрана има само рутинска улога.[2]

Генералштабот е водечкиот орган задолжен за изведување на целокупната воена работа на вооружените сили на нацијата. Тој ја организира и раководи воената конструкција на националните вооружени сили и ги организира и коман-

[2] Министерството за национална одбрана на НР Кина е министерство кое според Устав е под раководство на Државниот совет. Министерството за одбрана е поставено согласно со одлука донесена на Првата сесија на Првиот национален народен конгрес во 1954 година. За разлика од практиките во некои други земји, Министерството за одбрана нема команден авторитет над Народната ослободителна армија, која е потчинета на Централната воена комисија. Министерството за одбрана има еден вид својство на тело за врски меѓу Централната воена комисија и Народната ослободителна армија кога се остварува контакт со странски војски за размена и соработка. Официјалните одговорности се состојат во тоа да се спроведува унифицирана администрација врз развојот на вооружените сили во државата, како што се: регрутација, организација, обука, научни воени истражувања за Армијата и рангирање награди за офицерите и за службениците. Сепак, во реалноста овие одговорности се спроведуваат од страна на Генералштабот на Народната ослободителна армија, кои се под контрола на Централната воена комисија.

дува нивните воени операции. Во неговите рамки се наоѓаат оддели задолжени за операции, разузнавање, обука, администрација и структура на силите, мобилизација итн., додека Генералниот политички оддел е водечкиот орган на целокупната прополитичка работа на националните вооружени сили. Тој ја администрира работата на партијата во вооружените сили и ја организира нивната политичка работа. (Johnson, 2012) Под негова надлежност функционираат оддели задолжени за партиски работи, персонал, публицитет, безбедност итн. За разлика од претходните оддели, Генералниот логистички оддел ја организира и раководи логистичката конструкција на вооружените сили, како и логистичката поддршка. Во негова надлежност се одделите одговорни за финансиски работи, служба за набавки, здравствена администрација, воен транспорт, материјали и горива, капитални конструкции и бараки, ревизија итн., а Генералниот оддел за вооружување ја организира и раководи работата за оружје и опрема на вооружените сили. Во негова надлежност се одделите задолжени за планирање, вооружување на Морнарицата, Воената авијација и се грижи за стратегиската опрема, потоа има Оддел за истражување воена опрема, развој и набавка, главна поддршка за опрема, електроника и информациска инфраструктура, опрема и технолошка соработка итн.

Воените командни области на Народната ослободителна армија се воени организации подредени според државните административни дивизии, географски локации, стратегиски и оперативни ориентации и оперативни задачи. Во секоја команда на воена област има бројни армиски комбинирани дивизии, единици со различни родови, логистички единици за поддршка, како и провинциски гарнизонски команди. Нивните главни функции вклучуваат организирање и координирање на заедничките операции и вежби на копнени, на поморски и на воздушни сили во секоја воена зона; остварување директно водство над партиските работи, воена обука, администрација, политичка работа, логистичка поддршка и вооружување на армиските единици под нивна надлежност; раководење со милицијата, воената служба, мобилизација, цивилна воздушна одбрана и изградба и конструкција во воените области. Моментно, Народната ослободителна армија има седум воени командни области – Шенјанг, Пекинг, Ланжу, Џинан, Нанџинг, Гуангжу и Ченгду.

*Милицијата* е компонента на државните вооружени сили. Милиционерите кои се под команда на воените органи и изведуваат операции за поддршка на борбената готовност и одбранбени операции, а исто така помагаат во одржувањето на општествениот ред. Генералштабот е задолжен за работата на милицијата на национално ниво. Секоја воена командна област е одговорна за работата на милицијата која ја има под своја јурисдикција. Секоја провинциска команда спроведува водство и команда над милицијата во својот регион. (Ministry of National Defense in the PRC, 2015)

Како компонента на вооружените сили на Кина и потчинета на Државниот совет е и *Народната вооружена полиција* на Кина, која е под двојно раководство од страна на Државниот совет и на Централната воена комисија. (Central Military Commission, 2015) Народната полиција се состои од сили за внатрешна безбедност и други полициски сили за јавна гранична безбедност, противпожарни си-

ли и сили за безбедност. Народната полиција е задолжена за зачувување на националната безбедност, одржување на општествената стабилност и осигурување дека народот ќе живее и ќе работи во мир и задоволство. Рутинските стражарски должности се однесуваат на задачите кои Народната полиција ги изведува за да ја одржи внатрешната безбедност и, главно, се спроведувани од страна на внатрешните безбедносни сили. Основните активности вклучуваат: заштита од сите обиди за напад и саботажа, заштита на лицата од интерес и установите, обезбедување безбедност на значајни национални и интернационални конференции и масовни културни и спортски настани, заштита на важни аеродроми, радиостаници, клучни и доверливи единици, витални места од секторите економија и национална одбрана, заштита на важни мостови и тунели, осигурување на безбедноста на затворите и објектите за притвор, одржување на јавниот ред во големите и средните по големина градови и специфични зони. Рутинските заштитни задачи се поделени на регуларни и привремени мисии. (The Chinese University of Hong Kong, 2011) Најчесто регуларните мисии ги доделува Министерството за јавна безбедност, а оние привремените ги назначуваат локалните партиски комитети, влади или јавни безбедносни органи. Секојдневно, повеќе од 260.000 припадници на Народната вооружена полиција се на задача. Во изминатите години, Полицијата на НР Кина прави напори да изврши регулација и строго да ја менаџира изведбата на своите обврски, како и да ја подобри преку наука и технологија, вклучувајќи и подобрување на капацитетите кои се поврзани со извршување на активностите и редукција на опасностите при работа. На годишно ниво, полицијата спречува десетици обиди за напад на службениците, превенира стотици обиди за бегство од страна на притворени осомничени и затворени осуденици, организира илјадници важни привремени задачи и ја осигурува безбедноста на важни меѓународни и национални конференции и масовни настани во соработка со надлежните владини департмани. (ChinaOrg.ch, *China Factfile*, 2012) Исто така, Народната полиција е главниот столб и шок-сила за справување со јавни ситуации за кои треба непосредна реакција. Овие мисии на Полицијата ѝ ги доделува Централниот комитет на Комунистичката партија на Кина или, пак, локалните комитети, владини органи и органи за јавна безбедност и ги спроведува овие мисии под унифицирано раководство на горенаведените авторитети. Народната полиција прави планови и подготовки за справување со јавните кризни ситуации со воспоставување командни центри на сите нивоа, подобрување на информациските системи, алокација на ресурсите врз основа на научен принцип, овозможување комуникации, набавки и транспорт на сигурен начин. По добивањето наредби за мисија, способна е да се распореди навремено и во најбрз можен рок. Усвојува методи и средства како што се воено одвраќање, убедливост и легитимна употреба на сила. Претпазливо се употребува силата, присилните методи, полициските инструменти и оружјата. Разбивањето на криминалните групи се врши во согласност со законите, а јавните нереди, протести, нелегални демонстрации, групно насилство со оружје, акти на насилство и тероризам се спречуваат ефикасно, соодветно и легално. Во изминатите години, полицијата ги неутрализираше нередите во Ласа „3.14“, ги зароби терористите од Источен Туркестан, (Council on Foreign Relations, 2015) спроведе спасувања од не-

среќи, се справи со масовни нереди од големи размери и одговори на најразлични итни ситуации.

Во рамките на безбедносниот систем на Кина, секако, соодветно место му припаѓа и на Министерството за државна безбедност на Народна Република Кина, кој е централен безбедносно-разузнавачки орган на безбедносно-разузнавачкиот систем одговорно за контраразузнавање, за странски разузнавачки служби и за политичка безбедност. Тоа е формирано во 1983 година по предлог на тогашниот генерален секретар на Политичкото биро на ЦК на КПК Лиу Фу Чи, а заради обединување на безбедносно-разузнавачките функции на претходниот Централен истражен оддел и контраразузнавачкиот сегмент од Министерството за јавна безбедност. Министерството за јавна безбедност за својата работа одговара непосредно пред Државниот совет, а посредно пред Националниот народен конгрес. Ова значи дека државната безбедност во Народна Република Кина е издигната на највисоко ниво и државата ништо не препушта на случајот кога станува збор за нејзината безбедност. Гледано наназад, на формирањето на Министерството за државна безбедност во 1983 година му претходело постоењето на Централниот оддел за истражување во периодот од 1949 до 1983 година, а претходно, пред 1949 година, постоел Централен оддел за општествени работи на КПК (Комунистичка партија на Кина), кој одиграл суштествена улога во кинеската социјалистичка револуција и создавањето социјалистичка кинеска држава. (Котовчевски, 2002)

Министерството за државна безбедност има право да апси и да притвора лица за криминал како и регуларната полиција. Мрежата на бироа за државна безбедност работи паралелно и одделно од мрежата на јавните бироа за безбедност, кои на национално ниво се администрирани од страна на Министерството за јавна безбедност на НР Кина, кое е одговорно за рутинско (недржавна безбедност) одржување на редот и слични административни работи. Овие два система се административно поделени, иако на локално ниво тие соработуваат во голема мера и често ги делат ресурсите.

## Заклучок

НР Кина дава силен печат на првата декада од XXI век, а нејзиното влијание и подем на економски и на политички план и нејзиното влијание во меѓународните односи и инклузијата во супранационалните органи (допрва) ќе се чувствува. Етаблираните суперсили до одреден степен заземаат недоверлив став, ја губат комоцијата, а недовербата може да се прочита меѓу редови и од официјалната реторика. (Mearsheimer, 2014) Постојаната експанзија и доминација наметнуваат одредени прашањата, како што се: „Кои се крајните лимити и можности на Кина?“, „Како понатаму ќе се развива Кина?, „Дали е можна пацифистичка колаборација?“ итн. (ScienceDirect, 2012)

Следејќи го светскиот поредок, новите тектонски промени што настануваат со геополитичките движења кои гравитираат околу Кина, по речиси три века, најмоќна економија во светот е држава која не е западна, не е либерално-демо-

кратска и која не зборува англиски јазик. Моќната економија следствено ја повлекува и политичката моќ со себе. (Bergsten, Lardy and Mitchell, 2009)

Сепак, моќта сама по себе е деструктивна ако не е контролирана и врамена во граници. Истото тоа важи и за политичката моќ, без разлика на која држава ѝ припаѓа. Предизвикот за моќните држави е да ја одржат својата моќ подолго, штом веќе еднаш ја стекнале. Ефикасната и реалната политичка контрола, од една страна, произлегува од стабилни и легитимни институции кои практикуваат конкретни методи за надзор и супервизија над работата на извршните тела, додека, од друга страна, безбедносниот апарат како специфичен механизам во кој тајноста и отвореноста како контрадикторни принципи треба да функционираат паралелно и кохезивно е предмет на сеопфатна и исцрпна анализа од страна на цивилниот политички естаблишмент. Со тоа, контролирањето при раководењето со огромната кинеска воена и безбедносна машинерија може да се врши исклучиво преку независни тела кои ќе бидат ослободени од политичко влијание и доминација. Тоа е голем предизвик, особено за мегадржава која е водена од само еден политички центар на моќ.

**Литература**

Bergsten, C., F., Lardy, R., N., Mitchell, J., D. (2009) *China's Rise. Challenges and Opportunities*. Washington DC: Peterson Institute for International Economics.

Bžežinski, Z. (2013) *Amerika-Kina i Sudbina Sveta. Strateška Vizija*. Beograd: Albatros Plus.

*China Security Report 2014: Diversification of Roles in the People's Liberation Army and the People's Armed Police*. National Institute for Defencse Studies, Japan, 2015.

Dittmer, L., Yu, M. (2015) *Marxist ideology, revolutionary legacy and their impact on China's security policy*. Routledge Handbook of Chinese Security. London and New York: Routledge Taylor and Francis Group.

Fu, Z.: (1993) *Autocratic Tradition and Chinese Politics*. Cambridge: Cambridge University Press.

Harnisch, S., Bersick, S., Gottwald, J. C. (eds.) (2015) *China's International Roles: Challenging or Supporting International Order?* New York: Routledge.

Hartford, K. (2006) *Who owns Informatization?*. Boston: University of Massachusetts, Boston.

Johnson, T. A. (2012) *Power, National Security and Transformational Global Events. Challenges confronting America, China and Iran*. New York: CRC Press, Taylor and Francis.

Keating, T. *Military Power of the People's Republic of China: Annual Report to Congress 2009*. Office of the Secretary of Defencse.

Ong, R. (2007) *China's Security Interests in the 21st Century*. Glasgow: Routledge Security in Asia Series.

Ping, J., H., McCormick B. (2015) *China's Strategic Priorities*. Routledge Contemporary China Series. London and New York: Taylor and Francis Group.

Pittman, B. P. (2006) *Policing Chinese Politics. A History by Michael Dutton*. Cambridge University Press.

Ross, R., S., Feng, Z. (2008) *China's Ascent. Power, Security and the Future of International Politics*. Ithaca and London: Cornell University Press.

Rudd, K. (2015) *US-China 21. The Future of US- China Relations Under Xi Jinping. Toward a New Framework of Constructive Realism for a Common Purpose.* Summary Report. Harvard Kennedy School, Belfer Centreer for Science and International Affairs. April 2015.

Weitz, R. (2013) *Global Security Watch – China*. Santa Barbara: Praeger.

Wo-Lap, Lam, W. (2015) *Chinese Politics in the Era of Xi Jinping. Renaissance, Reform or Retrogression?*. New York: Routledge.

Xuetong, Y. "The Rise of China and it's Power Status." *The Chinese Journal of International Politics*. Oxford Journals, Social Sciences, Volume 1, Issue 1. 2006.

Yu V. “China Offers First Glimpse of sweeping national security law.” *South China Morning Post, Policies and Politics*. 07 May 2015.

Дончев, А. (2007) *Современи безбедносни системи*. Скопје: Фон Универзитет, Скопје, 2007.

Конфучие (1994) *Големото учење, средниот пат, аналектите*. Скопје: Збирка на Х., М. Халперн.

Котовчевски М. (2002) *Современи разузнавачки служби*. Скопје: Македонска цивилизација. Скопје, 2002.

Савиќ Андреја, Бајагиќ Младен. (2005) *Безбедност света – од тајности до јавности*. Београд: Институт Безбедности.

Стајиќ Љ., Мијалковиќ С., Станаревиќ С. (2004) “Основи безбедности.” *Безбедносна култура*. Белград, 2004.

Сун Цу Ву. (1996) *Вештина на војувањето*. Скопје: Штрк.

**Интернет извори**

International Monetary Fund. (2017) Countries: People’s Republic of China. [online] Article IV. http://www.imf.org/external/country/CHN/index.htm, (пристапено на 28.05.2015).

BBC News. (2015) *China Military Budget to Rise 10%* [online]. Available at: http://www.bbc.com/news/world-asia-china-31706989, (преземено на 28 мај 2015).

Central Intelligence Agency. The world Factbook: East and Southeast Asia: China [online]. https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/ch.html (пристапено на 25 март 2017).

Central Military Commission. (2015) *Chinese Leaders: Background Information for the Central Military Commission*. [online] http://chinese-leaders.org/central-military-commission, (пристапено на 15 мај 2015).

ChinaOrg.cn, China Factfile. (2012) *The Components of the Armed Forces*. [online] http://www.gov.cn/english/2005-09/02/content_28491.htm, (пристапено на 9 мај 2015).

Council on Foreign Relations. (2015) *Regions: China* [online] http://www.cfr.org/china/east-turkestan-islamic-movement-etim/p9179

Science Direct (2012) “Troubled Waters: The South China Sea.” *Orbis, Elsevier*. Issue 4, Vol.56. стр. 608-642. Повеќе на: http://espresso.economist.com/ (пристапено на 26 мај 2015)

The Chinese University of Hong Kong (2011) Home [online]. Повеќе на: http.cuhk.edu.hk%2Fgpa%2Fwang_files%2FMilitiasPAP.doc (пристапено на 11 мај 2015)

Wikipedia. *China*. Article [online]. Повеќе на: http://en.wikipedia.org/wiki/China, (пристапено на 16 јули 2015)

*Oliver BAKRESKI*

**UDK: 355.02(510)**
Original research article

# NATIONAL SECURITY SYSTEM OF THE REPUBLIC OF CHINA

***Abstract***

*The national security system in the Republic of China is in large scale determined by the specifics of the organization of the Chinese state, which is based on the historical development, and, also, from the need to build a new national security system, which will be in function to respond, respectively, to deal with the potential security threats toward the country. Analogically, the question is raised "Whether the existing national security system is a rational assumption for achieving the goals of the national security policy?", as well as the question "Whether China has adequate capacities for dealing with the security challenges?"; these issues are broadly set in the security agenda of the People's Republic of China and the necessary significance is constantly given in order to multiply the efforts for ensuring the peace and security of the country.*

***Key words***: *CHINA, SPECIFICS, SECURITY POLICY, INSTITUTIONS, COMPONENTS, SECURITY SYSTEM*

## Introductory Remarks

People's Republic of China (PRC) comprises the greatest part of the cultural, historical and geographical area known under the name of China and it is one of the most remarkable countries, which characterized the beginning of the 21$^{st}$ century. The significant economic progress, the growth of the real GDP, which in 2010 was unbelievable 10.4%, in 2015 amounts to 6.8% (International Monetary Fund, 2017) and in 2016 it is projected to be 6.6%, provoked in parallel both admiration and intimidation for the rest of the world, especially the big countries. China, along with India are the countries with the fastest economic development in the world measured by the annual GDP growth rates, which for China this year amounts over 1 billion dollars, with an annual GDP per capita of 15.400 dollars. (Central Intelligence Agency, 2015)

